Врз основа на член 126 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 од Законот за Владата на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 169/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

**УРЕДБА**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА**

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 86/20 и 103/20), во член 1 и член 2 ставови 1 и 4, зборовите „до 30 јуни 2020 година" се заменуваат со зборовите „заклучно со истекот на 30 дена по престанувањето на вонредната состојба".

**Член 2**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-5468/1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**